Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број:_08-216/3________
08.08.2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-216 од 11.04.2022 година, поднесена од [redacted] со место на живеење [redacted], Кочани против [redacted], вработен како обезбедување во дискотека [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 08.08.2022 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката со бр. 08-216 од 11.04.2022 година, поднесена од [redacted] против [redacted] **поради неуредност.**

### Образложение

На 11.04.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за сторено вознемирување од страна на подносителот [redacted] против [redacted].

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 06.06.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот достави барање за доуредување на претставката со бр. 08-216/2. Со барањето подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката, во насока што ќе го наведе основот по кој е извршената дискриминацијата и адресата на потенцијалниот дискриминатор против кого ја поднесува претставката.

Подносителот не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Кире Василев

Доставено до:

- [redacted]